АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-339/6
25.11. 2025 год.
СКОПЈЕ

# Годишна програма за работа на Агенција за пошти за 2026 година

**www.ap.mk**

Ноември 2025 година

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 3
2. ЕУ ИНТЕРГРАЦИИ -ПРЕГОВАРАЧКИ КЛАСТЕРИ ..... 4
3. РЕГУЛАТИВА ..... 6
3.1. Закон за поштенските услуги ..... 6
2.2 Секундарна регулатива ..... 7
4. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА ..... 8
4.1. Истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги ..... 8
4.2. Поштенска мрежа ..... 9
4.3. Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ..... 9
4.4. Квалитет на универзалната услуга ..... 9
5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ..... 10
6. НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ..... 11
7. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ ..... 11
7.1. Законски права на корисниците на поштенските услуги ..... 11
7.2. Усогласеност на рекламационите постапки ..... 12
7.3. Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги ..... 12
8. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ ..... 12
8.1. Набавка на софтвер ..... 13
8.2. Стандардизирана форма за поднесување на претставки до Агенцијата ..... 13
9. АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ ..... 13
9.1. Податоци од пазарот ..... 13
9.2. Подготовка на полугодишни извештаи за пазарот на поштенските услуги ..... 14
10. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 15
10.1. Годишен план за вработување ..... 15
10.2. Човечки ресурси ..... 15
10.3. Обуки ..... 15
10.4. TAIEX мисија ..... 16
10.5. Јавни набавки ..... 16
10.6. МКС EN ISO/IEC 9001:2015 - Системот за управување со квалитет ..... 16

11. СОРАБОТКА ... 16

11.1 Соработка со домашни институции ... 16

11.2. Меѓународна соработка ... 17

12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ... 18

12.1. Информирање на јавноста ... 18

12.2. Информативен караван на Агенцијата за пошти „АП поблиску до корисниците на поштенски услуги“ 18

12.3. Поддршка на Европската недела на мобилност 2026 година ... 19

(European Mobility Week 16-22 септември 2026 година) ... 19

13. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2026 ГОДИНА ... 20

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата) претставува независно регулаторно тело од областа на поштенските услуги со надлежности за регулирање на пазарот на поштенските услуги.

Согласно член 16 од Законот за поштенските услуги, Комисијата на Агенцијата за пошти ја усвојува Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година, на предлог на директорот.

Агенцијата за пошти има законска обврска секоја година до основачот - Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа во законски рокови во тековната за наредната календарска година. За реализација на планираните активности потребна е Одлука за одобрување на Програмата, која Собранието на Република Северна Македонија ја донесува непосредно пред започнување на календарската година на која се однесува истата.

Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година (во натамошниот текст: Годишна програма) е структурирана согласно надлежностите на Агенцијата, а ги содржи идните активности кои ќе придонесат за унапредување на пазарот на поштенските услуги, односно воспоставување на транспарентен, отворен и конкурентен поштенски сектор, подготвен да одговори на новите предизвици.

Годишната програма е документ кој се темели на законските надлежности кои регулаторот на пазарот на поштенските услуги треба да ги реализира преку низа активности, иницијативи и предлози.

Исто така, составен дел на оваа Годишна програма е Финансискиот план за 2026 година, како и Одлуката за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2026 година.

Комисија на Агенција за пошти

Душан Бекриќ, претседател

## 2. ЕУ ИНТЕРГРАЦИИ -ПРЕГОВАРАЧКИ КЛАСТЕРИ

Започнатите процеси за пристап на Република Северна Македонија кон Европската Унија бара значително посветување на усогласување на домашното законодавство со европската легислатива и ефикасна имплементација на регулативата. Скрининг процесот за поглавјето 3.03. Право на основање и слобода на давање на услуги во чии рамки се и поштенските услуги, започна во 2023 година и бара детална разработка на домашната легислатива и нејзино усогласување. Поштенските услуги се во Кластер 2 - Внатрешен пазар кој претставува збир на политики кои што имаат за цел обезбедување на една од слободите на единствениот пазар на Европската Унија. Целите на ЕУ во делот на Право на основање и слобода на давање на услуги се овозможување на лица и компании да основаат агенции, филијали, подружници во друга земја членка под услови кои се утврдени за своите граѓани во соодветната земја. Слободното движење на услуги е централен елемент при европската интеграција на земјите. Многу важна директива во оваа област е Директивата за услуги, чија што цел е да се отстранат сите правни и административни бариери кои овозможуваат слободен тек на услугите на пазарите на ЕУ.

"*Во последниот Извештај на Европската Унија за Република Северна Македонија за 2025 година* [1] *во делот за поштенските услуги е наведено дека сме умерено подготвени и дека потребно е финализирање на усогласувањето со правната рамка на ЕУ за поштенски услуги и обезбедување доволни капацитети за следење и спроведување на новите правила за поштенскиот пазар. Правилата на ЕУ за поштенските услуги се фокусираат на подобрување на квалитетот на универзалната услуга, постепено отворање на пазарот за конкуренција и воспоставување на независен регулатор.*

*Во областа на поштенските услуги, националното законодавство е делумно усогласено со поштенскиот правен систем на ЕУ. По измената на Законот за поштенски услуги во декември 2024 година, целосното отворање на поштенскиот пазар за конкуренција беше одложено до пристапувањето на земјата во ЕУ. Во тек е процес на реструктурирање за приватизација на давателот на универзалната услуга. Формирана е работна група за подготовка за усогласување со Регулативата за услуги за меѓународна достава на пратки. Агенцијата за пошти е независен регулаторен орган кој обезбедува усогласеност со Законот за*

---

[1] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/posleden-izvestaj-za-zemjata-file-idbC.pdf

*поштенските услуги. Постојат еден давател на универзална услуга (АД Пошта на Северна Македонија - државно акционерско друштво) и 29 други даватели на поштенски услуги. Северна Македонија треба да го заврши усогласувањето со поштенскиот правен систем на ЕУ и да обезбеди доволен институционален капацитет за следење и спроведување на новите правила на поштенскиот пазар.“*

# 3. РЕГУЛАТИВА

Еден од основните приоритети на Агенцијата за пошти е унапредување на регулаторната рамка за поштенските услуги, како и усогласувањето на домашната со ЕУ регулативата во областа на поштенските услуги, со што ќе се придонесе за создавање на регулиран, стабилен и конкурентен пазар на поштенскиот пазар со зајакната независна улога и капацитети на институцијата. Агенцијата ќе превзема низа регулаторни мерки и активности кои ќе произлезат од новите законски решенија и соодветна измена на подзаконските акти.

## 3.1. Закон за поштенските услуги

Агенцијата за пошти во изминатата 2025 година учествуваше во изработка и усогласување на текстот на измени на Законот за поштенските услуги, во работна група предводена од претставници од Министерството за транспорт, како и со претставници од АД Пошта на Северна Македонија. Следната 2026 година се очекува да се донесе нов Закон за поштенските услуги, кој меѓу другото, би вклучил и нови законски решенија за начинот на финансирање на работата на Агенцијата, одржување финансиска стабилност на АД Пошта преку воведување механизам на државни субвенции за обезбедување на универзалната услуга и воведување на посебно сметководство кај давателот на универзална услуга - АД Пошта. Ќе се сменат и други законски решенија кои се веќе надминати во современи услови на развиена поштенска конкуренција и во однос на пресудите на Европскиот суд, или низ домашната пракса на спроведување на законот се покажале како тешки за примена поради недоречености.

Следно, активностите за измена, односно носење на нов Закон за поштенските услуги се во насока и на транспонирање на новата регулатива за достава на пакети (ЕУ 2018/644 Регулатива за услуги за прекугранична достава на пакети). Оваа обврска е преземена во процесот на пристапување кон Европската Унија, и усогласување на законодавството со новите прописи.

Понатаму, со последната измена на Законот за поштенските услуги која стапи на сила на 04.11.2024 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 224/2024) целосната либерализација на поштенскиот пазар е

одложена до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Во ваков неизменет пазарен амбиент со доминантна резервирана област за писмата до 50 грама, Агенцијата ќе ги практикува своите надлежности во насока на подобрување на постојната подзаконска рамка во согласност со случувањата и тековите на пазарот, и во рамки на очекуваниот нов Закон.

## 2.2 Секундарна регулатива

Агенцијата, меѓу другите законски надлежности, ја има и надлежноста да носи и спроведува подзаконски акти врз основа на ЗПУ.

Во 2025 година започнато е со изготвување на измени на Правилникот за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење. За таа цел остварена е соработка со давателот на универзалната услуга за да заеднички и врз основа на постоечките критериуми и капацитети се дефинираат одредби во Правилникот. Потребата од донесување на измени на Правилникот произлегува од дефинирање на нови таргети во делот на квалитет на обезбедување на услугите и отворање можност за реално употреба на стандардите за квалитет. Согласно предвидените одредби од Правилникот се појавува потреба и заедничка соработка со давателот на универзалната услуга во поглед на усогласување и со критериумите за прием и достава и утврдување на одредени исклучоци за кои постои предвидена можност по законските одредби.

Во 2026 година, следствено со донесување на новиот закон и со транспонирање на регулативата за достава на пакети, ќе следуваат активности за измена на веќе постоечките подзаконски акти или носење и имплементација на нови прописи врз основа на истиот.

Со донесување на нови подзаконски акти ќе се зголеми безбедноста и квалитетот на поштенските услуги, како и ќе се зајакнат критериумите за исполнување на услови за добивање на општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

# 4. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

Универзалната услуга се обезбедува на целата територија на Република Северна Македонија, постојано, со утврден квалитет и по пристапни цени за сите корисници.

Осигурувањето на обезбедување на универзалната услуга останува во фокусот на Агенцијата и за следната година, поради што активностите ќе се насочат кон следење на исполнување на обврските на давателот на универзалната услуга, согласно Законот и подзаконските акти и степенот на имплементација на сите зададени обврски.

Минималните барања за универзалната услуга се утврдени во македонското законодавство, каде се вклучени барања универзалната услуга да се доставува пет дена во неделата, по достапна и еднаква цена на секоја адреса во земјата. Овие барања можат да бидат изменети само од страна на Владата и Собранието, но треба да бидат во согласност со потребите на корисниците а воедно и да се одржи тој минимум сет на услуги кој е неопходен за корисниците. Иако Агенцијата за пошти нема законска надлежност да ги промени минималните барања во Законот, има улога во ревидирањето на степенот до кој овие барања ги одразуваат разумните потреби на поштенските корисници.

## 4.1. Истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги

Истражувањето на потребите на корисниците на поштенските услуги е активност која се спроведува во последните две последователни години, но воедно и во 2026 година ќе се продолжи со оваа активност. Зголемената употреба на електронска технологија, зголемената понуда за он лине нарачки ги менува и потребите на корисниците на поштенските услуги кои се согледуваат преку искажување на своите потреби од понудата на поштенските услуги.

Истражувањето има за цел да ги прикаже потребите на корисниците на поштенските услуги, како во делот на приемот, така и во доставата. Ценејќи дека и покрај условите дефинирани согласно европските директиви, треба да се има предвид и потребата на корисниците, и врз основа на нивното мислење да се дефинираат и критериумите за обезбедување на поштенските услуги.

## 4.2. Поштенска мрежа

Агенцијата во 2026 година, во насока на стандардизација и модернизација на поштенската мрежа на давателот на универзалната услуга (како што се поштенските единици и други точки за пристап, како и утврдување на потребите од поголема или помала густина на поштенската мрежа) ќе продолжи да ги следи промените во поштенската мрежа и навремено ќе ги информира корисниците на поштенските услуги.

## 4.3. Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга

Воведувањето на овој систем е законска обврска на давателот на универзалната услуга и зависи од неговата подготвеност за воведување на сите мерки и процедури кои се основа за системот за посебно сметководство. Во таа насока, Агенцијата во 2026 година ќе продолжи со изработка на анализи и извештаи врз основа на моментално расположливите податоци за трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга, и во случај доколку давателот на универзалната услуга би доставил предлог - систем, Агенцијата ќе ангажира надворешна и независна ревизорска компанија која ќе треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со законските барања.

## 4.4. Квалитет на универзалната услуга

Мерењето на квалитет на обезбедување на универзалната услуга, поточно на единечната поштенска пратка е обврска на давателот на универзалната услуга согласно законските одредби. Како учесници на ЦЕФТА и ГИЗ работните групи, се отвора можност да се спроведе заеднички проект помеѓу Агенцијата за пошти, ЦЕФТА, ГИЗ и претставници на давателот на универзалната услуга со кој ќе се изврши Пилот - проект мерење на квалитет на обезбедување на универзалната услуга кај давателот на универзална услуга во траење од одреден период во текот на 2026 година.

## 5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

Интересот за влез на поштенскиот пазар на правните субјекти очекувано е да се задржи и во текот на 2026 година. Исто така, очекуваме да продолжи трендот за интерес за работа во сегментот меѓународни поштенски услуги, особено ако се земе во предвид влезот на он лајн платформите, како на пример, и да расте поштенската размена со странство во делот на малите пратки од Е-формат. За поефикасно постапување во оваа смисла од значење ќе биде и соработката со Царинската управа во насока на меѓусебна размена на знаења и искуства.

Агенцијата континуирано ќе постапува во административните постапки за оценка на исполнување на условите за добивање Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на апликантите- правни субјекти, како и за промена и престанок со обезбедување поштенски услуги, но и ќе продолжи со преиспитување на веќе постоечките лиценци. На правните субјекти на кои ќе се издаде Општо овластување, ќе се стекнат со статус на даватели на поштенски услуги и нивните податоци ќе бидат запишани во регистарот на даватели.

Агенцијата за пошти ќе ги следи и програмските активности на ЦЕРП за размена на податоци од регистрите на даватели на поштенски услуги во земјите членки и кандидати. Оваа група податоци може да се прошири со податоци за еколошка одржливост на мрежите и капацитетите на операторите.

Понатаму, Агенцијата ќе воведе евиденција на договорните пошти на сите даватели на поштенски услуги, нивни подизведувачи, со цел целосен и сигурен увид на целокупната мрежа на операторите, и на национално и на локално ниво.

Следна активност која ќе се одвива низ целата година е преиспитување на веќе постоечките лиценци и усогласување со критериумите кои ќе произлезат од новите прописи кои ја регулираат таа област.

Во контекст на процесите на дигитализација во државата во текот на 2026 ќе работиме и на развивање соодветни дигитални алатки за регистарот на даватели на поштенски услуги кој го води Агенцијата и во постапките во делот лиценцирање каде е соодветно согласно законот.

# 6. НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Агенцијата во 2026 година ќе спроведува редовни, вонредни и контролни надзори над спроведувањето на Законот и прописите донесени врз основа на законот, како и правата и обврските од Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги, како и надзор над правните субјекти кои обезбедуваат поштенски услуги без Општо Овластување издадено од Агенцијата.

**Редовните надзори** ќе се вршат според Годишната програма за вршење на надзор за 2026 година, која Програма ќе ја донесе директорот во тековната за наредната година и со која ќе биде дефинирана динамиката на спроведување на редовните надзори.

**Вонредните надзори** ќе се вршат во главно ненајавено, по претходна оценка на елементите за основаност на наводите од примени пријави, како и од други сознанија од пазарот добиени при спроведување на надлежностите на Агенцијата.

**Контролните надзори** ќе се вршат за проверка на имплементација на мерки и активности наложени од страна на овластените лица за надзор од Агенцијата.

**Заеднички надзори со други институции** - Во 2026 година, Агенцијата ќе продолжи да врши заеднички надзори врз давателите на поштенските услуги со други надлежни институции и ќе делува согласно законските надлежности во сите случаи каде ќе се констатира потреба од преземање соодветни мерки.

# 7. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ

## 7.1. Законски права на корисниците на поштенските услуги

Агенцијата за пошти постојано работи на заштита на правата на корисниците на поштенските услуги и е во динамична комуникација со корисниците.

Согласно ЗПУ, корисниците кои ги исцрпеле своите права во постапките кои во прв степен по приговор или рекламација а се водат пред давателите на поштенски услуги, имаат право да поднесат управен приговор до Агенцијата за пошти која одлучува по овие приговори врз основа на претходно спроведена постапка, која треба да заврши во рок од 30 дена.

На корисниците им е овозможено да поднесуваат приговори, претставки и предлози во Агенцијата за пошти и да водат постапки кои се уредени со Законот за поштенските услуги, Законот за општата управна постапка и Законот за постапување по претставки и предлози.

### 7.2. Усогласеност на рекламационите постапки

Врз основа на членот 48 став 3 од ЗПУ каде се наведува дека давателите на поштенските услуги се должни цените и општите услови во кои меѓу другото се содржани и рекламационите постапки да ги достават до Агенцијата за пошти и **да ги објават во просториите на давателот на поштенските услуги на видно место**, со цел да се утврди дали ова задолжение се почитува, ќе се спроведе активност за утврдување на фактичката состојба и усогласеноста со ЗПУ во делот на рекламационите постапки.

Оваа активност е од голема важност за корисниците од причина што при посетата на поштенските единици, мора да им бидат достапни информациите за видовите и цените на услуги, начинот и рокови на достава, рекламационите постапки, контактни информации и сл.

### 7.3. Агенцијата со поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници на поштенски услуги

Агенцијата за пошти и во претстојната година ќе продолжи да ја искажува својата поддршка на граѓаните кои спаѓаат во категорија на ранливи корисници, а преку своите работни активности акцентот ќе го стави на осознавање на реалните потреби на ранливите корисници во поглед на користењето на поштенските услуги и преземање на конкретни активности.

## 8. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Дигитализацијата на административните процеси е суштинска реформа во работата на Агенцијата која ќе придонесе кон подобрување на јавните услуги, како за правните субјекти, така и за граѓаните. Дигиталните процеси ќе го намалат влијанието на човечкиот фактор, односно евентуална субјективност при

оценување на поднесени документи и/или поднесени извештаи и изработка на анализи.

### 8.1. Набавка на софтвер

Агенцијата во 2026 година планира набавка на софтвер – информатички систем за дигитализација на процесите на работењето на Агенцијата, односно за имплементирање на дигитален регистар на даватели на поштенски услуги, дигитално поднесување на нотификација за добивање на општо овластување, дигитално поднесување на извештаи од давателите на поштенски услуги. Бидејќи софтверот ќе има можност за дополнување на модули, истиот ќе се искористи и за дигитализација на интерните работни процеси во Агенцијата.

### 8.2. Стандардизирана форма за поднесување на претставки до Агенцијата

Заради полесно и ефективно поднесување на претставките од корисниците на поштенски услуги, Агенцијата за пошти на својата веб-страница ќе воведе користење на електронски пристап преку стандардизиран формат и задолжителни полиња. Имено со ваквиот пристап на подносителите ќе им се поедностави начинот на поднесување на претставките, со што ќе се обезбеди директен канал за поднесување информации и докази, а формата со задолжителни полиња ќе ги води чекор по чекор.

Стандардизираната форма преку задолжителните полиња ќе го минимизираат ризикот од непотполнети и непрецизирани претставки, како и од погрешно прикачени документи.

## 9. АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ

### 9.1. Податоци од пазарот

Давателите на поштенските услуги согласно законската обврска за доставување податоци поврзани со поштенските услуги, два пати годишно доставуваат пополнети Извештаи за обезбедување на поштенските услуги. Давателите на поштенските услуги податоците ги доставуваат за првите шест месеци (од 01.01.-30.06.) до 1 септември во тековната година и за наредните шест месеци (од 01.07-31.12.) до 1 март наредната година. Податоците од Извештаите ќе

бидат предмет на анализа од страна на стручната служба, а се однесуваат на податоци за видови на услуги, број на вработени лица, финансиски податоци, техничко технолошка опременост на давателите на поштенските услуги. Точноста на доставените податоци е релевантен показател за точните анализи за состојбата на пазарот на поштенските услуги.

- Постојана комуникација и соработка со даватели на поштенски услуги во делот на евиденција на услугите во нивните оперативни електронски записи и соодветно пополнување на Извештаите.

Агенцијата за пошти ќе изготви Анализа на пазарот за поштенските активности за 2025 година врз основа на добиени извештаи во текот на 2025 година. Интересот за добивање на лиценци за обезбедување на поштенските услуги, зголемувањето и опаѓањето на обемот на услугите, развој на нови услуги, број на ангажирани лица во процесот на обезбедување на услугите и многу други податоци ќе бидат прикажани во анализата.

Анализата на пазарот на поштенските услуги на транспарентен начин ќе се презентира на јавен состанок пред сите заинтересираните страни и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## 9.2. Подготовка на полугодишни извештаи за пазарот на поштенските услуги

Во 2026 година, Агенцијата ќе продолжи со изработка на полугодишни анализи за состојбата на поштенскиот пазар.

По добивање на Извештаите, согласно роковите утврдени со легислативата, истите ќе бидат предмет на анализи, како во делот на пратките за коресподенција, така и во делот на услугата пакети и сите останати услуги и податоци впишани во извештаите. Полугодишниот извештај опфаќа споредбени анализи со претходното полугодие за истиот период се со цел да се види движењето на пазарот, односно во кој дел од услугите давателите се развиваат, инвестираат и во кој дел се покажува интерес за влез на пазарот. Анализите на пазарот ќе бидат основа за планирање и преземање на понатамошни активности.

# 10. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата за пошти ќе продолжи со планско развивање, одржување и задржување на професионален и мотивиран човечки потенцијал, како и со рационално користење на знаењата, компетенциите и искуствата за остварување на надлежностите на Агенцијата.

## 10.1. Годишен план за вработување

Врз основа на проценката на стратешките цели и приоритети на Агенцијата и на потребата од идни вработувања, Агенцијата донесе Годишен план за вработување за 2026 година.

Поради активностите предвидени во стратешките документи и исполнување на барањата на поштенскиот пазар кој се развива секојдневно, Агенцијата за пошти има потреба од ангажирање на дополнителен стручен кадар кој ќе помогне во извршување на законските надлежности на Агенцијата и одржување на работната ефикасност.

## 10.2. Човечки ресурси

Следната 2026 година, Агенцијата ќе спроведе функционална анализа, која ќе биде основа за реорганизација, односно изготвување на нова систематизација на работните места во стручната служба. Функционалната анализа ќе покаже за евентуална можност за воведување на посебен сектор за инспекциски надзор, во насока на поуспешно извршување на една од законските надлежности за надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги.

## **10.3.** Обуки

Агенцијата ќе продолжи да инвестира во стручното усовршување и оспособување на вработените, преку кои ќе се обезбеди развој на неопходните знаења и вештини за извршување на работните задачи според висок професионален стандард.

Имајќи во предвид дека реалното утврдување на потребите за унапредување, развивање на квалитетот и подигање на нивото на знаење и вештини, ќе придонесе и за ефективност во работењето, Агенцијата во Годишниот план за обуки за вработените за 2026 година, планира доволен број генерички обуки за административните службеници во очекување да заживее

системското обучување на јавната администрација, како и специјализирани обуки според потребите на вработените во Агенцијата.

### 10.4. TAIEX мисија

Во 2026 година, Агенцијата ќе користи еден од инструментите на Европската унија за техничка помош и размена на информации (TAIEX), односно преку мисијата, Агенцијата ќе добие експертска помош на начин на споделувања на знаење и информации од експерти од соодветно регулаторно тело од една од ЕУ земји членки.

### 10.5. Јавни набавки

Врз основа на потребите на Стручната служба за остварувањето на Планот за јавни набавки, Агенцијата ги планира јавните набавки за наредната година имајќи ги предвид расположливите финансиски средства алоцирани во Финансискиот план. Во текот на 2026 година ќе се подготвуваат и спроведуваат постапките за јавни набавки, како и тековно следење на договорите за јавни набавки.

### 10.6. МКС EN ISO/IEC 9001:2015 - Системот за управување со квалитет

Годишна проверка на примената на системот за управување со квалитет на процесите во Агенцијата и утврдување на насоки за подобрување и унапредување.

## 11. СОРАБОТКА

Агенцијата и во 2026 година ќе соработува со домашни и релевантни меѓународни институции од области кои се значајни за натамошно функционирање на пазарот на поштенските услуги, се со цел унапредување на регулативата и практики согласно новите пазарни трендови.

### 11.1 Соработка со домашни институции

Соработката и координацијата со институциите ќе се одвиваат со Министерството за транспорт за прашања поврзани со усогласување на постојната законска регулатива со Поштенската директива и Регулативата за меѓународна достава на пакети, како и во делот на подготовката на новата предлог законска регулатива од поштенската област. Агенцијата и во 2026 година

ќе продолжи да соработува со Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи во врска со иницијативата на Агенцијата за креирање на политики за сузбивање на сивата економија во поштенскиот сектор, со Управата за финансиско разузнавање заради зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари и унапредување на функционалноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и со сите останати релевантни институции и чинители во текот на работењето на Агенцијата во следната 2026 година.

## 11.2. Меѓународна соработка

Во рамки на ЦЕФТА експертската група за прекугранична достава на пакети каде активно учествува и Агенцијата за пошти, во изминатиот период 2023-204 година усвоена е Одлука  за прекугранична достава на пакети за чии активности секоја земја членка на ЦЕФТА презема активности за имплементација во рамки на својата земја. Од страна на Министерството за надворешни работи и трговија во чија надлежност потпадна и Заедничкиот Комитет на ЦЕФТА преземени се активности за ратификација на усвоената Одлуката во рамки на ЦЕФТА проектот, а согласно ратификацијата истата ќе стапи со важност во 2026 година.

Заради полесна имплементација на обврските од Одлуката за достава на прекугранични пакети помеѓу земјите членки на ЦЕФТА, во рамки  на активностите за 2026 година се предвидува работилница со сите даватели на поштенски услуги кои се опфатени со обврските од оваа Одлука  за чија цел потпомогнати со претставници на ЦЕФТА и ГИЗ експертската група ќе се презентираат понатамошните активности кои се задолжителни за давателите.

Понатаму, како континуирана активност ќе биде соработката со регионалните регулаторни тела, како и активности во рамки на работните групи на Европската група за поштенски регулатори - ЕРГП, пополнување на прашалници како дел од работните активности, следење и учество во активности на Светскиот поштенски сојуз и ЦЕРП организацијата. Учество на работилници и состаноци поврзани на поштенските услуги со цел следење на новитетите и промените кои се случуваат, следење на влијанието на електронската трговија и дигитализацијата на пазарот на поштенските услуги и појавата на нови начини за обезбедување на поштенски услуги како кај нас така и пошироко.

Следењето на активностите во рамки на работните групи е придобивка во насока на спроведување на надлежностите на регулаторот, Учество во

активности и настани поврзани со потребите за усогласување на процесите за пристапувањето кон Европската Унија во делот на поштенските услуги и преземање и спроведување на препораките на Европската Унија за продолжување на понатамошните чекори кон пристапувањето.

## 12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### 12.1. Информирање на јавноста

Обезбедување транспарентност во работењето на Агенцијата и поефикасна комуникација со јавноста - Агенцијата за пошти и во следната година ќе ја практикува „активната транспарентност“, односно ќе го применува концептот на самоиницијативно објавување на значајни документи од областа на поштенските услуги на својата веб страница. Со оваа пракса на објавување на документи и информации овозможуваме јавноста континуирано да биде информирана за регулаторните мерки и одлуките што ги засегаат сите чинители на пазарот на поштенските услуги.

Во насока на транспарентноста се и јавните состаноци на кои Агенцијата ќе информира за своите завршени и идни активности во насока на промовирање на правата на корисниците, потоа за квалитетот на универзалната услуга, како и за дејностите кои се од делокругот на целокупното работење на Агенцијата.

Исто така, соработката со медиумите е неопходна со цел да се обезбеди целосна информираност за надлежностите и активностите на Агенцијата, како и подетално запознавање со работата на Агенцијата и нејзините натамошни планови.

Активностите кои ќе ги превземе ќе бидат во насока на редовно информирање на медиумите за тековните активности, промовирање на нови услуги на македонскиот пазар, информирање за начинот на искористување на правата на корисниците на поштенски услуги и сл.

### 12.2. Информативен караван на Агенцијата за пошти „АП поблиску до корисниците на поштенски услуги“

Во соработка со Канцеларијата на Народниот Правобранител, Агенцијата за пошти и во 2026 година ќе спроведе информативен караван „АП ПОБЛИСКУ ДО КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ“ кој ќе опфати едукативни средби со граѓаните, студентите и претставници од државни институции, во градовите низ државата.

Главната цел на информативниот караван е да ги информира, едуцира и приближи поштенските услуги до граѓаните, преку директна комуникација и промоција на достапните и новите поштенски решенија.

Преку ваквата активност се зголемува свесноста кај корисниците за сите видови поштенски услуги, да ја подобрува довербата и ја зголемува транспарентноста помеѓу институциите и граѓаните, и се приближуваат услугите до сите категории на население, особено во рурални и помалку достапни средини.

### 12.3. Поддршка на Европската недела на мобилност 2026 година (European Mobility Week 16-22 септември 2026 година)

**Европската недела на мобилност** претставува водечка кампања на Европската Комисија за подигање на јавната свест за одржлива и урбана мобилност. Тоа е иницијатива која ги поттикнува градовите да воведат и промовираат одржливи транспортни мерки и да ги заинтересираат луѓето да ги испробаат алтернативите за транспорт и мобилност низ градовите.

Како и досега, АП ќе ја продолжи соработката со Европска Куќа- Скопје (Europe House - основана од Европската Делегација на Р.С.Македонија) национален координатор на кампањата и преку учество на вработените од Агенцијата за пошти во различни активности, јавно ќе ја поддржи оваа иницијатива.

## 13. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2026 ГОДИНА

Агенцијата за пошти тргнувајќи од планираните активности и задачи предвидени во Програмата за работа за 2026 година, изготви Финансиски план за 2026 година во кој е извршена проценка на расходите и приходите потребни за реализација на истите, а во насока на извршување на надлежностите утврдени со Законот за поштенските услуги.

Финансискиот план за 2026 година е изготвен согласно член 23 од Законот за поштенските услуги во кој се содржани детални податоци (по аналитички конта) за предвидените приходи и трошоци за 2026 година и споредбени показатели на предвидените приходи и расходи за 2026 и 2025 година.

Во прилог Ви ги презентираме:

- Финансискиот план за 2026 година,
- Споредбените показатели за планираните приходи и расходи за 2026 и 2025 година и
- Образложението за Финансискиот план и Споредбените показатели.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2026 |
|---|---|---|
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **4,000,000.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **3,995,000.00** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 3,995,000.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 |
| **75** | **Сопствени приходи** | **31,000,000.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **31,000,000.00** |
| 75001 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги со индивидуална дозвола | 23,250,000.00 |
| 75002 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги со општо овластување | 7,750,000.00 |
| **76** | **Други приходи** | **900,000.00** |
| **760** | **Други приходи** | **900,000.00** |
| 7600 | Други приходи | 900,000.00 |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **5,100,000.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **5,100,000.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 5,100,000.00 |
| **7** | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **41,000,000.00** |

### 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2026 |
|---|---|---|
| **40** | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **3,127,000.00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **385,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 40000 | Потрошено гориво | 80,000.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 130,000.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 40,000.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 17,000.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18,000.00 |
| 40013 | Стручна литература | 40,000.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 30,000.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **820,000.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 420,000.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 400,000.00 |
| **403** | **Други услуги** | **727,000.00** |
| 40301 | Пошта | 40,000.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 7,000.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 72,000.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 72,000.00 |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 60,000.00 |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 180,000.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 38,000.00 |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 135,000.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 45,000.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 15,000.00 |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **200,000.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 200,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **408** | **Наемнини** | **970,000.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 970,000.00 |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **8,838,000.00** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **45,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40,000.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 5,000.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61,000.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,200,000.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **650,000.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **3,000.00** |
| **416** | **Членарини** | **7,000.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6,662,000.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 33,000.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,900,000.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 180,000.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 120,000.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 148,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 880,000.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 195,000.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 200,000.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,865,000.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 69,000.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 72,000.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **210,000.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 180,000.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 1,500.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 28,500.00 |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **2,550,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| **441** | **Средства за опрема** | **2,550,000.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 30,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 220,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 2,300,000.00 |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **26,000,000.00** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **26,000,000.00** |
| 4600 | Основни плати | 17,100,000.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 8,900,000.00 |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **485,000.00** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **485,000.00** |
| 47001 | ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година | 323,000.00 |
| 47003 | ДЛД - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 13,500.00 |
| 47004 | ДЛД - Договор | 20,000.00 |
| 47006 | ДЛД - други исплати | 128,500.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **41,000,000.00** |

| | |
|---|---|
| **останати расположливи средства** | **0.00** |

**Споредбени показатели на планиран финансиски план за 2026 и 2025 година**

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2026 | Планиран износ 2025 | споредбен показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 4,000,000.00 | 1,905,000.00 | 209.97% |
| 720 | Приходи од камати | 3,995,000.00 | 1,900,000.00 | 210.26% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 5,000.00 | 100.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 31,000,000.00 | 30,000,000.00 | 103.33% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 31,000,000.00 | 30,000,000.00 | 103.33% |
| 76 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 760 | Други приходи | 900,000.00 | 900,000.00 | 100.00% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 5,100,000.00 | 7,195,000.00 | 70.88% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 5,100,000.00 | 7,195,000.00 | 70.88% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 41,000,000.00 | 40,000,000.00 | 102.50% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2026 | Планиран износ 2025 | споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 3,127,000.00 | 3,160,000.00 | 98.96% |
| 400 | Потрошени материјали | 385,000.00 | 388,000.00 | 99.23% |
| 401 | Потрошена енергија | 820,000.00 | 780,000.00 | 105.13% |
| 403 | Други услуги | 727,000.00 | 697,000.00 | 104.30% |
| 404 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 25,000.00 | 100.00% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 200,000.00 | 300,000.00 | 66.67% |
| 408 | Наемнини | 970,000.00 | 970,000.00 | 100.00% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 8,838,000.00 | 11,382,000.00 | 77.65% |
| 410 | Провизија за платен промет | 45,000.00 | 45,000.00 | 100.00% |
| 412 | Премии за осигурување | 61,000.00 | 61,000.00 | 100.00% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1,200,000.00 | 2,000,000.00 | 60.00% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 650,000.00 | 680,000.00 | 95.59% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 3,000.00 | 3,000.00 | 100.00% |
| 416 | Членарини | 7,000.00 | 7,000.00 | 100.00% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 6,662,000.00 | 8,404,000.00 | 79.27% |
| 418 | Останати други расходи | 210,000.00 | 182,000.00 | 115.38% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 2,550,000.00 | 310,000.00 | 822.58% |
| 441 | Средства за опрема | 2,550,000.00 | 310,000.00 | 822.58% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 26,000,000.00 | 24,500,000.00 | 106.12% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 26,000,000.00 | 24,500,000.00 | 106.12% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 485,000.00 | 648,000.00 | 74.85% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 485,000.00 | 648,000.00 | 74.85% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 41,000,000.00 | 40,000,000.00 | 102.50% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 | 0.00 |

Во врска со доставениот Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2026 година и Споредбените показатели во однос на 2025 година, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

1. ПРИХОДИ

- **Приходите од камати (конто 720)** се приходи од камати за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенски услуги и истите се планирани во износ од 3.995.000 денари. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2025 година за 110,26%, поради фактот што при планирањето на оваа приходна ставка, освен проценетите побарувања за камати за 2026 година, во предвид се земени и побарувања за камати од претходните години, кои не се пресметани и наплатени во текот на 2025 година, однсоно се очекува да се пресметаат и наплатат во 2026 година.

- **Приходите од позитивни курсни разлики (конто 721)** се приходи кои се јавуваат при девизни приливи и одливи и истите се планирани во износ од 5.000 денари, износ кој е еднаков со планираниот во 2025 година.

- **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги (конто 750)** се приходи од надоместоците кои давателите на поштенски услуги се должни да ги платат на Агенцијата на годишно ниво согласно Законот за поштенските услуги, а кои се пресметуваат како производ од бројот на поени на секој давател на поштенски услуги и вредноста на поенот. За 2026 година на ова конто се планирани 31.000.000 денари, кои е планирано да се обезбедат од еден давател на поштенски услуги со Индивидуална дозвола во износ од 23.250.000 денари и 29 даватели на поштенски услуги со Општо овластување во вкупен износ од 7.750.000 денари. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2025 година за 3,33%, како резултат на потребите на редовното работење на Агенцијата и поради фактот што во Годишната програма за 2026 година Агенцијата има планирано активности кои ќе предизвикаат поголеми расходи во однос на 2025 година, а кои детално се објаснети подолу во образложението.

- **Други приходи (конто 760)** се планирани во износ од 900.000 денари и истите вклучуваат приходи од надоместоци за службени патувања (кога службените патувања се на товар на организаторот), приходи од наплата на штети, приходи од меѓународна помош и поддршка во одредени сегменти во функционирањето на Агенцијата и други видови на приходи кои не се опфатени со останатите приходни ставки. Планираниот износ на оваа приходна ставка е еднаков со планираниот износ за 2025 година.

- На **конто 770** е евидентиран **вишокот на приходи од претходната година** во износ од 5.100.000 денари, чиј точен износ ќе се утврди со Годишната сметка на Агенцијата за 2025 година, а истиот се пренесува во Финансискиот план за 2026 година

согласно член 23 став 3 од Законот за поштенските услуги. Овие средства се користат за потребите на редовното работење на Агенцијата во првите месеци од годината, додека не се реализираат побарувањата од давателите на поштенски услуги врз основа на Решенијата за годишен надомест. Планираниот износ на оваа приходна ставка е помал во однос на планираниот износ за 2025 година за 29,12%, согласно проценките за износот кој би се пренел во 2026 како вишок на приходи утврден врз основа на Годишната сметка за 2025 година. Износот на оваа приходна ставка е резултат на ненавременото плаќање на надоместоците кон Агенцијата од давателите на поштенските услуги, пред се од Пошта на Северна Македонија АД Скопје, што ја оневозможува целосната реализација на планираните активности во Годишната програма и води кон голем износ на нереализирани финансиски средства, односно кон голем вишок на приходи за пренос во следната година.

## 2. РАСХОДИ

- **Потрошените материјали (конто 400)** се планирани во износ од 385.000 денари и истите вклучуваат: трошоци за гориво за службеното возило кое се користи за вршење на надлежностите за надзор над давателите на поштенски услуги и за останати службени потреби, трошоци за канцелариски материјали, расходи за вода и други комунални услуги поврзани со деловните простории, расходи за стручна литература за потребите на вработените во Агенцијата, расходи за ситен инвентар и други административни и потрошени материјали утврдени според трошоците за истите во претходната година и проценките за потребите во тековната година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2025 година за 0,77%, како резултат на помалиот износ на планирани трошоци за материјали и ситен инентар, согласно искуството од 2025 година како и планираните потреби за 2026 година.

- **Потрошената енергија (конто 401)** вклучува расходи за електрична енергија и кондиционирање (греење/ладење) за деловните простории на Агенцијата. Оваа расходна ставка е планирана во износ од 820.000 денари кој е утврден врз основа на добиените фактури за 2025 година и очекувањата за движење на цените во 2026 година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголема од планираниот износ во 2025 за 5,13%, како резултат на искуството од претходните години и очекувањата за движењето на цените за електрична енергија и кондиционирање во 2026 година.

- **Расходите за други услуги (конто 403)** се планирани во износ од 727.000 денари и истите вклучуваат: расходи за пошта, телефон и интернет, расходи за паркинг простор, регистрација и испитување на службените возила на Агенцијата, расходи за поправка, сервисирање и одржување на опремата и софтверот на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање за потребите на Агенцијата, расходи за Службен весник на Република Северна Македонија, расходи за чистење на деловните простории и други расходи (изнајмување, дезинфекција и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2025 година за 4,3% или 30.000 денари, како резултат на поголемиот планиран износ на расходната ставка за чистење на деловните

простории согласно искуството со зголемените цена за оваа услуга од 2025 година.

- Расходите за превозни-транспортни услуги (конто 404) се планирани во износ од 25.000 денари и истите опфаќаат трошоци за транспортни услуги за потребите на Агенцијата за пошти, поврзани со активностите предвидени во програмата за работа за 2026 година, а посебно за активностите за надзор и контрола над давателите на поштенски услуги и меѓународната соработка.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2025 година.

- Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405) се планирани во износ од 200.000 денари и истите вклучуваат трошоци за репрезентација (храна и пијалаци, угостителски услуги и набавка на репрезентативен материјал).

Овие расходи се во функција на претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор, како и презентирање и информирање на јавноста за работата и надлежностите на Агенцијата во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во годишната програма за работа на Агенцијата предвидени се активности кои наметнуваат потреба од расходи за репрезентација како што се активностите за организирање на јавни седници и презентирање на работењето, односно презентирање на разни извештаи и анализи изготвени од страна на Агенцијата во насока на јакнење на транспарентноста на Агенцијата, организирање на информативен караван, организирање на состаноци со тела кои се вклучени во поштенската проблематика и организирање на билатерални средби со регулатори од поштенската област.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2025 година за 33,33%.

- Расходите за наемнини (конто 408) се планирани во износ од 970.000 денари и истите вклучуваат трошоци за наем на деловните простории на Агенцијата лоцирани во Градскиот Трговски Центар во Скопје.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2025 година.

- Провизијата за платен промет (конто 410) е планирана во износ од 45.000 денари согласно тарифите за провизии за платен промет на банките депоненти на Агенцијата за пошти и провизиите кои се плаќаат при откуп на девизи за

службените патувања во странство и при финансиските трансакции со комитенти од странство.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е е еднаков со планираниот износ во 2025 година.

- **Расходите за осигурување (конто 412)** се планирани во износ од 61.000 денари и истите вклучуваат осигурување на службените возила и опремата на Агенцијата за пошти, како и колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата. Износот на расходите за осигурување е пресметан врз основа на цените на осигурителните компании за овие видови на осигурување.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е е еднаков со планираниот износ во 2025 година.

- **Трошоците за службени патувања (конто 413)** вклучуваат трошоци за дневници, сместување, превоз и останати трошоци поврзани со службените патувања во земјата и странство. Овие трошоци се планирани во износ од 1.200.000 денари и се во согласност со активностите предвидени во програмата за работа за 2026 година. Имено, оваа ставка вклучува расходи за планираните службени патувања во земјата како и службените патувања во странство на Директорот и вработените во Агенцијата за пошти и тоа пленарни седници и работни групи организирани од Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP), тематско учество во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP), соработка со Светскиот поштенски сојуз (UPU), учество на работни состаноци на Европската Комисија, учество на други меѓународни конференции и настани од областа на регулацијата на пазарот на поштенските услуги, билатерални посети на други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги, како и учество на обуки, работилници и семинари во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2025 година за 40%.

- **Надоместоците на трошоци на работници (конто 414)** се планирани во износ од 650.000 денари согласно предвидените надоместоци во колективниот договор на Агенцијата за пошти. Оваа расходна ставка опфаќа исплата на парична помош во случај на смрт на вработен, смрт на член на семејно домаќинство, елементарни непогоди, регрес за годишен одмор и други надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2025 година за 4,41%,.

- **Негативните курсни разлики (конто 415)** се планирани во износ од 3.000 денари и истите се јавуваат при приливи и одливи на девизни средства.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2025.

- **Расходите за членарини (конто 416)** се планирани во износ од 7.000 денари и истите се однесуваат на трошоците за членарини на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков на планираниот износ во 2025 година.

- **Расходите за интелектуални и други услуги (конто 417)** се планирани во износ од 6.662.000 денари и тие вклучуваат: расходи за хост за веб страната на Агенцијата, расходи за ревизија на финансиските извештаи за 2025 година од страна на независен ревизор, расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, расходи за месечните надоместоци и надоместоците на трошоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти кои вклучуваат патни трошоци и трошоци за користење на сопствено возило за службени цели пресметани во согласност со "Правилникот за плати и други надоместоци" и „Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата", расходи за надоместоци врз основа на склучени договори за дело за потребите на Агенцијата, трошоци за истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги, расходи за обуки за стручно усовршување, расходи за превод, расходи за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања, расходи за изработка на функционална анализа и расходи за други услуги (фотографирање, монтажа и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2025 година за 20,73%, пред се поради намалувањето на месечните надоместоци на Комсијата на Агенцијата, согласно законските измени во 2025 година.

- **Останатите (други) расходи (конто 418)** се планирани во износ од 210.000 денари и со нив се опфатени: расходите за објавување на огласи, одлуки и информации за работењето на Агенцијата во дневните весници, расходи за набавка на стандарди од областа на поштенските услуги, трошоци за извршител

при присилна наплата на доспеаните побарувања, расходи по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските, како и други трошоци кои не се опфатени со останатите расходни конта. Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2025 година за 15,38%, како резултат на поголемиот планиран износ на расохите по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските поради ненавременета наплата на надоместоците од давателите на поштенски услуги, како и поголемиот планиран износ на расходите за објавување на огласи за планираните вработувања во Годишниот план за вработување.

- **Средствата за опрема (конто 441)** се планирани во износ од 2.550.000 денари и тие вклучуваат: опремување на деловните простории на Агенцијата со мебел, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за извршување на надлежностите и остварување на целите предвидени со Законот за поштенски услуги и Годишната програма за работа во 2026 година, а во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е значително поголем од планираниот износ во 2025 година за 2.240.000 денари, односно за износот на планираната набавка на софтвер – информатички систем за дигитализација на процесите на работењето на Агенцијата, однсно за имплементирање на дигитален регистар на даватели на поштенски услуги, дигитално поднесување на нотификација за добивање на општо овластување, дигитално поднесување на извештаи од давателите на

поштенски услуги, како и дигитализација на интерните работни процеси во Агенцијата.

- **Расходите за плати (конто 460)** се планирани во износ од 26.000.000 денари. Расходите за плати ги вклучуваат платите на Директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем од планираниот износ во 2025 година за 6,12% како резултат на зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2026 година, согласно Годишниот план за вработување планирани се нови вработувања и унапредувања во рамките на Агенцијата.

- Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470) се планирани во износ од 485.000 денари и истите вклучуваат расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти, расходи по основ на данок на личен доход за надоместоците кои се исплаќаат на вработените согласно Колективниот договор и расходи за данок на личен доход по основ на договори за дело и други исплати.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2025 година за 25,15%, како резултат на помалите износи на надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти, а кои претставуваат даночна основа за пресметка на данокот на личен доход.

Врз основа на Споредбените показатели за планираните приходи и расходи може да се констатира дека за 2026 година Агенцијата за пошти со Финансискиот план предвидува реализација на вкупни приходи и вкупни трошоци во износ од 41.000.000 денари, износ кој е поголем во однос на планираниот износ за 2025 година за 2,5%.

Притоа, на страната на трошоците во Финансискиот план за 2026 година, во однос на планираните износи во Финансискиот план за 2025 година, може да се нотифицираат намалувања кај следниве расходните ставки:

- Конто 400 – Потрошени материјали за 0,77%,
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација 33,33%,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци за 40%,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на вработени за 4,41%,
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 20,73% и
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 25,15%.

Во Финансискиот план за 2026 година, во однос на Финансискиот план за 2025 година, еднаков износ на страната на трошоците е планиран на следните расходните ставки:

- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги,
- Конто 408 – Наемнини,
- Конто 410 – Провизија за платен промет,
- Конто 412 – Премии за осигурување,
- Конто 415 – Негативни курсни разлики и
- Конто 416 – Членарини.

Во Финансискиот план за 2026 година, во однос на Финансискиот план за 2025 година, поголем износ на страната на трошоците е планиран на следните расходни ставки:

- Конто 401 – Потрошена енергија за 5,13%, како резултат на искуството од претходните години и очекувањата за движењето на цените за електрична енергија и кондиционирање во 2026 година,
- Конто 403 – Други услуги за 4,3% или 30.000 денари, како резултат на поголемиот планиран износ на расходната ставка за чистење на деловните простории согласно искуството со зголемените цена за оваа услуга од 2025 година,
- Конто 418 – Останати други расходи 15,38%, како резултат на поголемиот планиран износ на расохите по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските (поради ненавремената наплата на надоместоците од давателите на поштенски услуги), како и поголемиот планиран износ на расходите за објавување на огласи за планираните вработувања во Годишниот план за вработување.
- Конто 441 – Средства за опрема за 2.240.000 денари, односно за износот на планираната набавка на софтвер – информатички систем за дигитализација на процесите на работењето на Агенцијата, однсно за имплементирање на дигитален регистар на даватели на поштенски услуги, дигитално поднесување на нотификација за добивање на општо овластување, дигитално поднесување на извештаи од давателите на поштенски услуги, како и дигитализација на интерните работни процеси во Агенцијата.
- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 6,12% како резултат на зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2025 година, согласно Годишниот план за вработување планирани се нови вработувања и унапредувања во рамките на Агенцијата.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Комисија
Душан Бекриќ, претседател